Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1698/2024

Дата.....06-09-2024.....

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски се издава **Дополна на Услови за планирање на просторот со намена за водови за пренос на електрична енергија за 110 kV високонапонски подземен кабелски вод, Општина Штип.**
Должината за која што се издава дополната на условите за планирање на просторот изнесува 1,5 km и минува низ КО Сушево, КО Ново Село Штип, Општина Штип.
Дополната на Условите за планирање на просторот се изработува заради дополна на трасата на претходно издадените Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за 110 kV високонапонски подземен кабелски вод, Општина Штип, со тех.бр.У00124.
Трасата се граничи со опфати за кои се издадени:

- Услови за планирање на просторот со намена за површиснки соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за прроизводство на електрична енергија кои се градат на земјиште) КО Ново Село Штип, Општина Штип, со тех.бр.У40223.
- Услови за планирање на просторот за изградба на концентрациони сончеви електрани на КП 86,КП 87, КП 90, КП 94, КП 100/1, КП 100/2, КП 105, КП 106 и дел од КП 1/1, КО Сушево, Општина Штип, со тех.бр.У08622.
- Услови за планирање на просторот за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми вон гр., КО Штип вон гр., КО Ново Село Штип, КО Штип 1, КО Штип 5, Општина Штип, со тех.бр.У23221.

Трасата на водот се сече со траса за која се издадени Услови за планирање на просторот за Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 1: Клечковце-Штип-Кавадарци, со тех.бр.У20911.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Во непосредна близина на трасата се наоѓаат опфати за кои се издадени :

- Услови за планирање на просторот со намена за површиснки соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за прроизводство на електрична енергија кои се градат на земјиште) КО Ново Село Штип, Општина Штип, со тех.бр.У39923.
- Услови за планирање на просторот со намена за површиснки соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за прроизводство на електрична енергија кои се градат на земјиште) КО Ново Село Штип, Општина Штип, со тех.бр.У40023.
- Услови за планирање на просторот со намена за површиснки соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за прроизводство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 20/29, КП 20/25 и дел од КП 20/1, КО Ново Село Штип, Општина Штип, со тех.бр.У40123.
- Услови за планирање на просторот со намена за површиснки соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за прроизводство на електрична енергија кои се градат на земјиште) КО Ново Село Штип, Општина Штип, со тех.бр.У06823.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**
**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y00124i** се составен дел на Решението.

3. Дополната на Условите за планирање на просторот со намена за водови за пренос на електрична енергија за 110 kV високонапонски подземен кабелски вод, Општина Штип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. **Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23).**

6. Согласно податоците од Експертниот елабрат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Ново Село Штип има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети, додека на подрачјето на катастарска општина Сушево нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена за водови за пренос на електрична енергија за 110 kV високонапонски подземен кабелски вод, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 64160 од 06.08.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Дополна на Услови за планирање на просторот со намена за водови за пренос на електрична енергија за 110 kV високонапонски подземен кабелски вод, Општина Штип.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ја изработи Дополната на Услови за планирање на просторот со намена за водови за пренос на електрична енергија за 110 kV високонапонски подземен кабелски вод, Општина Штип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1698/2024 од 03.09.2024 година.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

**Дополната на Условите за планирање на просторот со намена за водови за пренос на електрична енергија за 110 kV високонапонски подземен кабелски вод, Општина Штип,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Izet Mexhiti**

Изработил: Исмаил Шехаби

Контролирал: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

Согласен: Nebi Rexhepi


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk